РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-416/7
05.03 2018 год.
КОЧАНИ

Друштво за сообраќај, трговија и услуги
ПЕТРОВ ХИТ ДООЕЛ
Бр. 07/18
05.03 2018 год.
Кочани

Врз основа на чл.165 ст.1 од Законот за јавните набавки, а во врска со Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-416/6 од 27.02.2018 год., се склучува следниот,

# Д о г о в о р

## за јавна набавка

***Помеѓу:***

1. **Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул."Раде Кратовче" бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во натамошниот текст: **Корисник на услугата) и**

2. **Друштво за сообраќај, трговија и услуги „Петров Хит" ДООЕЛ** со седиште во Кочани на ул.„Мирче Ацев" бр.16, ЕДБ:4013010505231, ЕМБС: 6580831, жиро с-ка 240130002042697, депонент на Уни Банка АД Скопје, застапувано од Управителот Борче Анаќијев /во натамошниот текст: **Давател на услугата-Превозник/**.

***Предмет на договорот***

***Член 1***

Предмет на овој договор за јавна набавка е :

**Авто-такси превоз на деца со посебни потреби на релација Кочани- Виница-Кочани**

Предметот на набавката е детално опишан во техничката спецификација составен дел на овој договор, а согласно тендерската документација бр.05-416/3 од 14.02.2018 год., за спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, која се спроведе во електронска форма и заврши со е-аукција, како последна фаза за доделувањето на договорот за јавна набавка, по Оглас бр.05-416/4/2018 објавен на ЕСЈН, а врз основа на Одлука за јавна набавка бр.05-416/2 од 14.02.2018 год.

***Вредност на договорот***

***Член 2***

Вкупната вредност за реализација на Договорот, согласно проценетата вредност на договорот утврдена во Одлуката за јавна набавка бр.05-416/2 од 14.02.2018 год., изнесува 75.000,00 ден. без ДДВ, односно вкупно планирани средства за реализација на договорот за јавната набавка се во износ од 78.750,00 ден. со вклучен ДДВ од 5 %.

Единечната цена за вршење на превозот на релација Кочани-Виница-Кочани е утврдена согласно процентот на намалување по завршување на е-аукцијата, на првичната единечна цена, а истата е дадена во табелата подолу.

Истите остануваат фиксни и не подлежат на промени за целото времетраење на важноста на договорот.

Корисникот на услугата нема обврска во целост да ја реализира вредноста на договорот од став 1 на овој член.

***ЛИСТА НА ЦЕНИ***

| Ред. бр. | Вид на услуга | Место на вршење на превозот /релација | Број на возила потребни за вршење на превозот | Единична цена **без ддв за 1 месец за 1 возило** со просторен капацитет за сместување на најмногу 4 деца со посебни потреби) во денари | Единична цена **со ддв** за 1 месец за 1 возило во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Авто-такси превоз на деца со посебни потреби на релација Кочани- Виница- Кочани | Кочани- Виница- Кочани | 1 такси возило | 7.436,00 | 7.807,80 |

***Начин и рок на извршување на услугите***

***Член 3***

Набавката ќе започне да се врши по барање на договорниот орган во кое ќе бидат наведени подетални податоци за реализација на предметот на јавната набавка. Услугите ќе се вршат согласно техничката спецификација.

Договорот со избраниот најповолен понудувач ќе се склучи за период на важење од најмногу 1 година.

***Услови и начин на плаќање***

***Член 4***

Плаќањето ќе се врши со доставување на фактура и извештај за извршена услуга, во рок до 30 дена од денот на доставување на фактурата и извештајот за извршена услуга согласно техничката спецификација.

Извештајот за стварно извршен превоз на деца со посебни потреби го изготвува Давателот на услугата-Превозник на месечно ниво, односно за месецот за кој е стварно извршен превоз на деца со посебни потреби и се потпишува од превозникот и од најмалку еден родител/старател од семејството на детето со посебни потреби со што се потврдува дека превозот е стварно извршен.

При фактурирањето износот на ДДВ ќе биде посебно изразен.

Во случај на зголемување на бројот на деца за повеќе од 4 деца со посебни потреби кои би имале потреба од обезбедување и користење на такси превоз до дневниот центар во Виница, односно во случај на потреба од обезбедување на дополнително такси возило, цената ќе се пресметува и фактурира согласно понудената единична цена од возило без ддв по количината на возила кои вршат превоз на деца со посебни потреби на наведената реалација.

***Права, обврски и одговорности на договорните страни***

***Член 5***

Давателот на услугата - Превозник е носител на лиценца за вршење на општински превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај – вид на превоз Авто - такси превоз на патници, издадена од Општина Кочани УП1 бр.21-54 од 24.06.2014

година, со важност на истата до 24.06.2018 год. и истиот се обврзува во рок од три дена по денот на продолжувањето на лиценцата, да ја достави до Корисникот на услугата, во спротивно договорот ќе се раскине.

На барање на родителот на децата со посебни потреби превозникот е должен во багажникот на такси возилото да ги прибере и инвалидните колички за нивните потреби.

По барање на родителот на децата со посебни потреби превозот може да мирува во одреден период во тековната година заради користење на правото на годишен одмор, заради празнување на верски, национални празници, поради здравствени причини и сл.

Давателот на услугата-превозник со овој договор се обврзува во својата работа биде точен и прецизен при поаѓање и враќање како децата би пристигнале навреме во Дневниот центар.

Давателот на услугата -Превозникот гарантира дека возилата со кои ќе го врши превозот ќе бидат лиценцирани, технички исправни, чисти и во уредна сообраќајна состојба, за цело времетраење за реализација на договорот.

За вршење на услугата, Корисникот на услугата ќе му достави на Давателот на услугата-превозникот барање во кое ќе бидат наведени подетални податоци за реализација на предметот на јавната набавка.

Корисникот на услугата благовремено ќе го известува Давателот на услугата-Превозникот за промените кои би настанале во однос на бројот на деца кои ќе се превезуваат.

Корисникот на услугата за обезбедената услуга-извршениот превоз се обврзува во целост да се придржува на договорениот начин и услови за плаќање на фактурите.

***Договорна казна***

***Член 6***

Во случај кога Давателот на услугата-Превозникот нема да го извршува превозот навремено, истиот е должен да му плати на Корисникот на услугата договорна казна во висина од 0,05 % / проценти / од вкупната вредност на договорот определена во чл. 2 ст.1 од овој Договор, за секој ден задоцнување.

Договорната казна не може да надмине 5% /проценти/ од вкупната вредност определена во чл. 2 ст.1 од овој Договор.

***Раскинување на Договорот***

***Член 7***

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или нема да се придржува кон квалитетна, ефективна и ефикасна реализација на договорот, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или во спротивно да го раскине договорот.

***Член 8***

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа писмено да ја извести другата договорна страна во рок од 30/триесет/ дена.

**Член 9**

Со писменото известување се смета дека договорот е еднострано раскинат по истекот на отказниот рок од чл.8 на овој Договор.

По раскинувањето на Договорот, странките се должни да ги измират-срамнат настанатите обврски до раскинувањето на Договорот.

***Времетраење на важноста на договорот***

**Член 10**

Овој Договор се склучува за времетраење од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на склучувањето на истиот или до исцрпување на договорената вредност.

***Општи и заврши одредби***

**Член 11**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 12**

За сè што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од ЗОО и другите позитивни законски прописи што важат во РМ и ја регулираат материјата, предмет на овој договор.

**Член 13**

За евентуален спор по овој договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 14**

Овој Договор е составен во 6 /шест/ еднакви примероци, од кои 2 /два/ примерока за Вршителот на услугата, а 4 /четири/ примерока за Давателот на услугата и стапува на сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| ***за Давателот на услугата,*** | ***за Корисникот на услугата,*** |
| ***Управител,*** | ***Градоначалник,*** |
| ***( Борче Анаќијев )*** | ***( Николчо Илијев )*** |

Составен дел на овој Договор се :

- Техничка спецификација

***Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова***

***Контролирал: Раководител на Одделение за јавни дејности–Голубинка Георгиева***

***Одобрил: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи–Анa Кралева***

Општина Кочани
Раде Кратовче бр. 1 • 2300 Кочани • Македонија
тел. +389(0)33/274-001 • факс . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

**ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА**

**за**

**Авто-такси превоз на деца со посебни потреби на релација Кочани –Виница – Кочани**

За потребите на децата со посебни потреби за кои Општина Кочани обезбедува социјална грижа во согласност со т.4 Детска заштита –обезбедување превоз за деца со посебни потреби од Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во општина Кочани за 2018 година („Службен гласник на Општина Кочани" бр.13/2017) потребно е да се спроведе постапка за јавна набавка на услуги и тоа за следниот предмет:

Авто-такси превоз на деца со посебни потреби на релација Кочани –Виница – Кочани

До Општина Кочани семејства кои имаат деца со посебни потреби имаат поднесено барање за обезбедување на превоз на нивните деца кои што имаат пречки во развојот на релација Кочани- Виница-Кочани заради престој во Дневниот центар „Порака" во Виница.

Превозот ќе се врши организирано со такси возило на понудувачот и тоа 5 (пет) пати во седмицата, (секој работен ден) од понеделник до петок, месечно, во текот на 1 година, со исклучок на деновите кои се неработни денови во Република Маскедонија (државни празници, сабота и недела) и деновите кои се побарани за користење на годишен одмор.

Тргнување од 7 до 8 часот од домот на живеење на децата со посебни потреби во Кочани до Дневниот центар „Порака" во Виница.

Враќање од 15 до 15,30 часот од Дневен центар „Порака" Виница до домот на живеење на децата со посебни потреби во Кочани.

Број на пријавени деца со посебни потреби кои ќе користат авто такси превоз на наведената релација: моментално се пријавени 3 деца со посебни потреби за користење на овој вид на превоз. Бројот на лица кои можат да користат превоз по овој основ може да биде променлив вотекот на времетраењето на договорот, во зависност од бројот на баратели кои поднеле барање за користење на овој вид на услуга за деца со посебни потреби на наведената реалација и по истиот основ.

На барање на родителот на децата со посебни потреби превозникот е должен во багажникот на такси возилото да ги прибере и инвалидните колички за нивните потреби.

По барање на родителот на децата со посебни потреби превозот може да мирува во одреден период во тековната година заради користење на правото на годишен одмор, заради празнување на верски, национални празници, поради здравствени причини и сл.

За извршениот превоз на децата со посебни потреби на релацијата Кочани –Виница – Кочани превозникот до Општина Кочани доставува месечна фактура, доколку превозот е извршен за само 15 дена во текот на месецот фактурата се доставува намалена за 50% од понудената цена.

Со обезбедувањето на превоз на децата со посебни потреби Општина Кочани води секојдневна грижа за полесен пристап на децата до услугите на дневниот центар кој

Општина Кочани
Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Македонија
тел. +389(0)33/274-001 • факс . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

обезбедува услуги за нивно дневно згрижување и престој, нега, исхрана, психосоцијална рехабилитација и реедукација, советодавна работа и услуги на организирано поминување на времето.

**Доколку Дневниот центар за работа со лица со посебни потреби во Кочани отпочне со работа во текот навреметраењето на овој договор, Општина Кочани го задржува правото да не го реализира предметот на овој договор во целост, бидејќи реално и ќе нема потреба од обезбедување на превоз на децата со посебни потреби на наведената релација. За престанување на потребата за превоз во овој случај превозникот ќе биде уредно известен.**

Спецификатор,
Раководител на Одделение за јавни дејности
Голубинка Георгиева

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ